РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-341/4
06-08-2024 г./v.

Врз основа на членот 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и членот 40 став 1 и 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на продолжението на 8-та седница одржана на 01.08.2024 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-341/1 од 23.01.2024 година, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-341/1 од 23.01.2024 година да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-341/1 од 23.01.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од непознат подносител. Во пријавата се изнесени сомнежи за незаконско враќање на работа на државен службеник /// во ///. Се наведува дека лицето било вратено на работа врз основа на судско порамнување. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Кон пријавата не се доставени прилози.

По увидот во содржината на пријавата ДКСК побара податоци, информации и документација од Основен граѓански суд Скопје и од доставеното произлегува дека за предметната правна работа, пред Основен граѓански суд Скопје се водела парница во работен спор /// поведена од страна на /// против /// и ///, за поништување на Решение за престанок на работен однос на /// и за

поништување на Одлука на /// со која бил одбиен приговорот на /// против решението за престанок на работен однос. Парничната постапка завршила со склучување на судско порамнување помеѓу странките во спорот, констатирано на записник од подготвително рочиште одржано на /// година. Имено, во смисла на ставот 4 на членот 308 од Законот за парничната постапка, странките на спорот склучиле спогодба во постапка на медијација и истата ја доставиле до судот кој на расправата одржана на /// година спогодбата ја внел на записник и констатирал дека склучената спогодба има својство на судско порамнување и дека биле исполнети законските услови предвидени во чл. 307 од Законот за парничната постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10 и 124/15), за склучување на судско порамнување. Со склученото судско порамнување странките постигнале согласност да се поништи решението за престанок на работниот однос и одлуката на /// и /// се обврзало да го врати работникот – тужителот на работно место и да му ги исплати неисплатените бруто плати. На рочиштето на кое било склучено судското порамнување бил присутен надлежен државен правобранител во својство на застапник по закон на ///, а судот констатирал дека претходно бил доставен и поднесок од /// со кој го известува судот дека /// е согласно со спогодбата и нејзината содржина.

Во конкретниот случај исполнетоста на законските претпоставки за склучување на судско порамнување и неговата дозволеност во предметната правна работа е надлежен да ја цени само судот во соодветна судска постапка, а побивање на склучено судско порамнување исто така се врши со тужба во посебен спор, како и секој друг договор од граѓанското право. Во оваа смисла, ДКСК нема надлежност за натамошно постапување, поради што одлучи постапката по предметот да ја запре.

Претседател

Татјана Димитровска

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: С. С. М., член